ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 21-151/12**

**Дата: 19.12.2011**

ДО

ЈУ МУЗЕЈ НА ГРАД СКОПЈЕ

КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на ЈУ Музеј на град Скопје (во натамошниот текст МГС) - сметка на основен буџет (603-10), за 2010 година.

За годините кои и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

Врз основа на резултатите од ревизијата, не изразуваме мислење за реалноста и објективноста на Билансот на состојба на ден 31.12.2010 година, додека резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум е во согласност со важечката законска регулатива. За прашањата во врска со усогласеноста на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива, изразуваме негативно мислење.

Со ревизијата констатиравме дека МГС не ги има потврдено прикажаните состојби на позициите: Материјални средства, Обврски кон добавувачи, Краткорочни финансиски обврски и Пасивни временски разграничувања на ден 31.12.2010 година, поради неизвршен попис и необезбедена соодветна документација за нивно евидентирање. При спроведувањето на постапките за јавни набавки не се почитувани одредбите пропишани со Законот за јавни набавки.

По однос на наведеното, укажуваме дека одговорните лица во МГС треба да преземат активности за испитување на основаноста на прикажанати состојби на позициите Други материјални средства, обврски кон добавувачи, Краткорочни финансиски обврски и ПВР, утврдување на сопственоста на земјиштето и објектите како и да се спроведе целосен попис во согласност со важечките законски и подзаконски прописи.
Стручните служби во МГС да изготват насоки во кои подетално ќе бидат опишани сите активности што комисиите за јавни набавки треба да ги спроведат во поглед на транспарентно спроведување на постапката, почитувајќи ги одредбите на Законот за јавни набавки.

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 7 до 9 заедно со ревизија на усогласеност на ЈУ Музеј на град Скоје (МГС) - сметка на основен буџет, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капиталните средства за 2010 година, и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на ЈУ Музеј на град Скопје за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, застапувано од:

- Јован Шурбановски, директор од 03.10.2005 до 21.01.2011 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на МГС се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Поради изнесеното во делот „Цели и делокруг на ревизијата“ ние не бевме во можност да добиеме соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за Билансот на состојба на МГС, на ден 31 декември 2010 година.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1 е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизија на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2 Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. МГС не ги има потврдено прикажаните салда на позициите Други материјални средства, обврски кон добавувачи, Краткорочни финансиски обврски и ПВР со состојба на ден 31.12.2010 година. Поради наведеното, ние не бевме во можност да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за Билансот на состојба на МГС, на ден 31 декември 2010 година.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 31.08.2011 до 30.09.2011 кај МГС од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 17.10.2011 година.
На ден 14.12.2011 година (бр.21 151/10) примено е писмо од директорот на МГС кое упатува на утврдените состојби од Нацрт извештајот и преземање на мерки по истите, но не и забелешки на утврдените наоди од ревизијата.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2010 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

### 3.1 Финансиски извештаи

**Биланс на состојба**

3.1.1 Со извршениот увид и направените споредби помеѓу материјалната и финансиската евиденција на позицијата Материјални средства ги утврдивме следните неправилности:

- Поради неизвршено усогласување на состојбата прикажана во материјалната и финансиската евиденција прикажаната состојба во финсиските извештаи на оваа позиција е повисоко за 3.768 илјади денари во однос на состојбата која е прикажана во материјалната евиденција.
- Не е извршено евидентирање на пресметаната амортизација на материјалните средства за 2010 година во деловните книги на МГС која изнесува 1.084 илјади денари.
- На позициите Обврски кон добавувачи, Краткорочни финансиски обврски и Пасивни временски разграничувања, во Билансот на состојба на 31 декември 2010 година прикажано е салдо во износ од 3.492 илјади денари. Овие состојби потекнуваат од минати години за кои не е извршен попис и не е обезбедена соодветна документација врз основа на која е извршено евидентирање, поради што истите не се потврдени од страна на одговорните лица во МГС.
- На позицијата Други материјални средства прикажан е износ од 27.284 илјади денари кој потекнува од минати години по основ на извршени инвестициони вложувања во времени објекти кои се наоѓаат во непосредна близина на објектот на МГС. Министерството за култура со допис бр. 119-10359/2 од 29.05.2003 година го известило МГС да ги раскине сите договори за закуп и дека согласно Законот за правата, обврските и одговорностите на органите на државната власт во поглед на средствата во државна сопственост што ги користат и располагаат, Министерството за култура ја презема надлежноста за склучување нови договори, а приходите од закупнини да се уплатуваат на посебна трезорска сметка во Буџетот на РМ. По ова известување МГС ги известило сите закупци за раскинување на договорите и престанало да стопанисува со овие објекти. Со новодобиениот имотен лист на МГС од 2011

година е потврдена сопственоста само на објектот во кој што работи, но не и на придружните објекти за кои е извршено вложувањето.

Ваквата состојба не е во согласност со членот 22 од Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници и членовите 19-27 од Правилникот за сметководство на буџети и буџетски корисници и има за ефект прикажување на неточни и невистинити состојби на средствата, обврските и изворите на средствата во Билансот на состојба на МГС.

**Препораки:**

1. Да се изврши усголасување на состојбата прикажана во финасиската и материјалната евиденција и да се изврши евидентирање на амортизацијата на материјалните средства за 2010 година во Билансот на состојбата.
2. Пописната комисија во соработка со одговорните лица во МГС да извршат испитување на основаноста на прикажаните позициите како обврски и пасивни временски разграничувања и потоа да се спроведат соодветните корективни книжења во сметководствената евиденција.
3. Органот на основачот во соработка со надлежните државни органи да покрене постапка за утврдување на сопственоста на земјиштето и објектите кои се наоѓаат во близина на објектот на МГС, а органот на управување на МГС да донесе одлука за усогласување на фактичката состојба со сметководствената .

3.1.2 Ревизијата констатираше слабости и неправилности кои се однесуваат на невоспоставена евиденција на приемот и издавањето на материјалите за тековно работење, неизвршениот попис, ненавремено евидентирање на обврските, и неизградени критериуми за ангажирање на надворешни лица по авторски договори . Истите се наведени во точките 3.3.1, 3.3.2, 3.3.3. и 3.3.5 од Нацрт извештајот на сметката на основен буџет (903-11) и се однесуваат за работењето преку оваа сметка.

3.2 **Користење на средства согласно Законот за јавни набавки**

Ревизијата утврди слабости неправилност во постапките за јавни набавки кои се однесуваат и на оваа сметка, а се наведени во точката 3.4.1. од Нацрт извештајот на сметката на основен буџет (903-11). Во врска со овие набавки исплатени се средства во износ од 675 илјади денари за набавки на авионски карти, шпедитерски услуги, телекомуникациски услуги и услуги за печатење без постапка за избор на најповолен понудувач согласно ЗЈН.

**Вкупни ефекти од наодите**

Поради ефектите од наодите изнесени во точките 3.1. и 3.2. кои се однесуваат на неправилности во извршениот попис, неусогласеност на метеријалната и финансиската евиденција на материјалните средства, евидентираните обврски и пасивни временски разграничувања без да се потврди основаноста на искажаните

состојби. Ревизијата изрази висок степен на несигурност за искажаните позиции поради што се воздржа од давање мислење за реалноста и објективноста на Билансот на состојба на ден 31.декември 2010 година.

## 4 Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 3.1. ние не бевме во можност да добиеме достатни соодветни ревизорски докази за да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Согласно на тоа, ние не изразуваме мислење за реалноста и објективноста на прикажаните состојби во Билансот на состојба на ден 31 декември 2010 година на МГС, сметка на основен буџет 603-10, додека резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум е во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 3.1, и 3.2, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на МГС - сметка на основен буџет, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени практики.

Скопје, 13.12.2011 година

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2010 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2010 | 2009 |
|---|---|---|
| | | |
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 1.915 | 4.482 |
| **Вкупно приходи** | **1.915** | **4.482** |
| | | |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Резерви и недефинирани расходи | 60 | 30 |
| Стоки и услуги | 1.788 | 4.452 |
| | | |
| **Вкупно тековни расходи** | **1.848** | **4.482** |
| | | |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 67 | 0 |
| **Вкупно капитални расходи** | **67** | **0** |
| | | |
| **Вкупно расходи** | **1.915** | **4.482** |

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | во 000 денари |
| **Опис на позицијата** | | **2010** | | **2009** |
| **Актива** | | | | |
| **Парични средства и побарувања** | | | | |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | | 508 | | 508 |
| **Вкупно парични средства и побарувања** | | **508** | | **508** |
| **Постојани средства** | | | | |
| Материјални средства | | 66.104 | | 63.048 |
| **Вкупно постојани средства** | | **66.104** | | **63.556** |
| **Вкупна актива** | | **66.612** | | **64.064** |
| **Пасива** | | | | |
| **Тековни обврски** | | | | |
| Краткорочни финансиски обврски | | 737 | | 737 |
| Финансиски и пресметковни односи | | 53 | | 53 |
| Пасивни временски разграничувања | | 3.210 | | 3.718 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **4.000** | | **4.508** |
| Извори на капитални средства | | 62.485 | | 59.429 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **62.485** | | **59.429** |
| **Извори на други средства** | | **127** | | **127** |
| **Вкупна пасива** | | **66.612** | | **64.064** |

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2010 ГОДИНА**

во 000 денари

| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Вкупно** |
|---|---|---|
| | | |
| **Состојба 01.01.2010 година** | **59.429** | **59.429** |
| | | |
| **Зголемување по основ на:** | **3.106** | **3.106** |
| Набавки | 3.106 | **3.106** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | - |
| Ревалоризација на капитални средства | - | - |
| | | |
| **Намалување по основ на:** | **50** | **50** |
| Отпис на капитални средства | - | - |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | - | - |
| Амортизација | 50 | **50** |
| | | |
| **Состојба 31.12.2010 година** | **62.485** | **62.485** |